# НЕКОЛКУ НЕОБЈАВЕНИ НАДГРОБНИ СПОМЕНИЦИ ОД МАКЕДОНИЈА

БЕГНИШТЕ — *јужно од Кавадарци*)*

1. Надгробен споменик од црвеникав камен, откршен горе водоравно среде релјефното поле и површински доста излижан. Евидентиран е за време на рекогносцирањето извршено од страна на Титоввелешкиот музеј во 1954 година, а откопан — не се знае кога — на едно место околу 200 м. јужно од селото. Сега се наоѓа во Народниот музеј во Титов Велес[1]).

Димензии: Најголема запазена висина 95, ширина 56, дебелина 0,9—0,13 см. Ширината на релјефното поле изнесува 33 см, а димензиите на натписното поле: 36×31 см.

Споменикот е — како е тоа веќе кажано — откршен горе, па затоа не може да се зборува за формата на неговиот фронтон. Четвртестото непрофилирано релјефно поле содржи претстава на едно мало семејство што се состои од родители и едно девојченце поставено на доста висок подиум помеѓу нив. Релјефот е изведен мошне плитко во линеарен провинциски стил, што особено доаѓа до израз во третирањето на женските фигури, кај кои особено внимание заслужува претставата на облеклото. Под релјефот е натписното поле во форма на *Tabula ansata* — неиспишано, што значи дека споменикот воопшто не бил во употреба, а тоа укажува на постоењето на некоја домашна каменорезечка работилница во римско време на тоа место (сл. 1).

2. Дел од надгробен споменик од сив кавадаречки камен, откршен од сите страни, а површински излижан и на некои места премачкан со вар, што укажува на неговата секундарна употреба во некоја градба. Откриен е за време на пред малу спомнатото рекогносцирање на патот што води од Бегниште кон селото Ресава[2]). Сега се наоѓа во Титоввелешкиот музеј (сл. 2).

Димензии: Максимална запазена висина: 41, ширина 42, дебелина околу 6 до 10 см.

---

*) Му се заблагодарувам и од ова место на директорот на Народниот музеј во Титов Велес, кој ми позволи и овозможи да ги публикувам необјавените споменици од Музејот.

[1]) Во текот на ова рекогносцирање пронајдени се сите овде објавени споменици, со исклучок на последните два (бр. 8 и 9).

[2]) Види бел. 1.



Сл. 1

Фрагментот содржи дел од четвртесто вдлабнато поле во коешто во плиток релјеф, со ист провинцијален стил со каков веќе се сретнавме и кај претходниот споменик, се претставени неколку човечки фигури простум и en face. Првата, од десната страна, претставува еден маж, до него е застаната една жена облечена во ѕвончесто, зраковидно плисирано здолниште и долга блуза — што, без сомнение, претставува домашна носија од она време, потем уште две мошне излижани фигури на коишто полот со сигурност не може да им се определи. Од натписното поле е зачуван сосема мал дел во којшто не се забележуваат остатоци од некаков натпис.

РЕСАВА — *југозападно од Кавадарци.*

3. Надгробен споменик од шарен камен, откршен водоравно горе и долу под релјефното поле, излижан и на места премачкан со вар. Според податоците добиени од селаните тој бил откопан на околу 500 метри западно од селото, на местото каде што често биле наоѓани стари гробови. Евидентиран е за време на рекогносцирањето од 1954 година, кога бил пренесен во Народниот музеј во Титов Велес (сл. 3).

Димензии: Најголема сегашна висина 55, ширина 40, дебелина 12—13 см.



Сл. 2

Споменикот се завршувал горе со триаголен фронтон, чиј врв е сега открешен, и бил украсен со акротерии од кои десната е сега потполно открешена. Како и дали воопшто биле украсени акротериите, невозможно е да се рече поради излижаноста на зачуваната акротерија. Фронтоновото поле, меѓутоа, е украсено со претстава на две антитетски поставени змии[3]). Под него, во едикулата засводена со архиволта, потпрена со два пиластра, степенесто се претставени членови од едно мало семејство, веројатно мајка со дечињата. Од помалото дете се наѕира само главата, бидејќи релјефот во тој дел е површински открешен. За некои подробности на лицата и на облеклото во овој случај не може да стане збор. Невозможно е исто така да се утврди што било претставено во триаголниците што ги затвораат рамките од споменикот, архиволтата и водоравната страна на фронтонот. Сепак, најверојатно се чини дека е во прашање една претстава што често служи за декорација на овој дел од споменикот, а којашто истовремено има и симболична смисла, имено: орнамент на полумесечина со краиштата завртени нагоре. Споменикот првобитно требало да има и натписно поле, коешто, за жал, сега е открешено.



Сл. 3



Сл. 4

---

[3]) Оштетеноста на релјефот на ова место не ни позволува да го идентификуваме предметот што е фланкиран со змиите, но најверојатно е во прашање мала урна.

4. Дел од мал надгробен споменик од сив кавадаречки камен, откршен од сите страни освен делумно од десната. Траги од малтер на неговата површина укажуваат на тоа дека бил употребен како прост градежен материјал во некоја градба. Пронајден е за време на рекогносцирањето од 1954 година на околу 200 метра југозападно од селото. Не се знае кога бил откопан и да ли токму на тоа место. Сега се наоѓа во Музејот во Титов Велес (сл. 4).

Димензии: Најголема зачувана висина изнесува 52, ширина 35, дебелина од 10 до 11 см.

Во плитко вдлабнатото релјефно поле запазен е незначителен дел од некоја нејасна претстава, а од грчкиот натпис делум четири редици:

I р. . . . . . . .] A T M H
II р. . . . . .] (?) A I
III р. . . .] H C E N
IV р. . . . .] E K A I

Висината на буквите изнесува: *cca* 5 см.

5. Дел од надгробен споменик од сив кавадаречки камен, откршен од сите страни освен делумно од десната, со остатоци од малтер и вар на некои места. Пронајден е на истото место и во истото време како и претходниот. Што се однесува за условите под кои бил откопан, и за него вреди истото што пред малу е речено за споменикот број 4 (сл. 5).


Сл. 5

Димензии: зачуваната висина изнесува 43, ширина 34, дебелина *cca* 14 см.

Фрагментот што се наоѓа пред нас содржи поголем дел од релјефното поле во кое е претставен простум и со десната рака на гради еден маж, а во продолжение на релјефот, во натписното поле: само неколку букви од првата редица на еден грчки натпис:

C Е П Т О [. . . . .

Висината на буквите варира од 3,5 до 3,8 см.

ЧАШКА — *југозападно од Титов Велес*

6. Надгробен споменик од бел мермер, откршен долу

десно, како и површински на предната страна, така што е уништено целото натписно поле и поголем дел од релјефот. Споменикот за време на рекогносцирањето од 1954 година е затечен во средината на селото, каде што бил порано пренесен без да се знае точно од кое место. Сега се наоѓа во Народниот музеј во Титов Велес (сл. 6).

Димензии: Висина (со клинот за забодување): 156, ширина 52, дебелина од 11 до 15 см; висина на релјефното поле 51, ширина 35,5 см.

Споменикот има доста низок, шилест фронтон, без акротерии, под коишто се наоѓа засводена едикула на која се надоврзува натписното поле. Фронтонот е украсен со полумесечини, отворени на горе[4]) и крстови, изведени во техника на врежување. Тие се распоредени така што полумесечините се поместени во аглите и среде во фронтонот, а крстовите десно и лево од централната полумесечина. Во едикулата се претставени три пропорцијални, доста пластично третирани фигури, од коишто две женски и една, по возраст помала од нив, машка. И покрај големата оштетеност на релјефот, токму на ова место, се забележува дека е тој стилски доста издржан.



Сл. 6

СКОПЈЕ

7. Дел од надгробен споменик од груб сив камен, откршен горе, долу и десно, а површински мошне излижан. Откриен е случајно во 1954 година во дворот на куќата бр. 6 во улица Е. Кардељ во Скопје, од каде истата година е пренесен во Лапидариумот на Археолошкиот музеј (рег. број 1635)[5]). Споменикот беше употребен заедно со други камења за покривање на канализационата цевка (сл. 7).

---

[4]) Полумесечината во десниот агол сега е откршена.

[5]) Овој споменик, како и следниот, му припаѓале на Реџеп Бајрамов, учител од Скопје, којшто го подарил на Музејот. Бидејќи истиот не располагаше со какви и да е податоци односно местото и условите под кои спомениците биле пронајдени, тој не упатил на Павле Богданов кој живее сега во Горњи Милановац, со кого ние не можевме да дојдеме во врска. Според каменот и стилот на релјефот спомениците би можеле да потекнуваат некаде од околијата на Кавадарци.

Димензиите изнесуваат: најголема зачувана висина 65, ширина 35, дебелина 12 см. Споменикот се завршува со висок триаголен фронтон, чие вдлабено, едноставно профилирано поле, е декорирано со голема пластична розета впишана во круг, и две сосема мали, поставени десно и лево од неа во аглите. Во запазениот



Сл. 7



Сл. 8

дел од релјефното поле, кој всушност претставува две третини од истото, претставени се две фигури простум, со десната рака положена на гради. И двете фигури мошне се излижани, особено десната. Лево е претставена една жена чија облека се состои од плисирано здолниште, под кое се гледа друго, исто така плисирано, како и од долга блуза. Диплите од горното здолниште се во вид на вертикални, доста широки канелури, додека од долното се многу потесни. Целата фигура е геометриски стилизирана и мошне рустично изработена во линеарен провинциски стил. Десната фигура е поставена на еден висок подиум. Таа е доста помала од левата и, можеби, претставува девојче.

8. Надгробен споменик од сив груб камен, откршен водоравно горе и долу и делум лево, а по целата предна страна многу излижан.

Најден во исто време, на исто место и во иста употреба како и претходниот.

Димензиите му се следните: висина 53, ширина 36, дебелина 11 см. (Рег. бр. 1636).

Во четвртестото поле на релјефот е претставена мошне рустично една несмасна машка фигура со голема глава, во ист стил како и во фигурите од претходниот споменик. Се забележува дека прстите од десната рака што е положена на мевот, се лачесто раширени, како што е случајот и со прстите од левата рака која е спуштена низ телото (сл. 8).

Публикуваните споменици се од времето на Римската империја*).

*Скопје.* *Борка Драгојевић-Јосифовска.*


## *RÉSUMÉ*

*Borka Dragojević-Josifovska*: QUELQUES MONUMENTS FUNÉRAIRES INÉDITS DE MACÉDOINE

Les monuments funéraires que nous venons de publier proviennent des différents endroits de la Macédoine: les nos 1 et 2 de Begnište (au sud de Kavadarci), les nos 3—5 de Resava (au sud-ouest de Kavadarci) et le no 6 de Čaška (au sud-ouest de Titov Veles). Ils ont été trouvés en 1954 au cours de l'exploration du terrain entreprise par le Musée national de Titov Veles, mais on ignore exactement les conditions sous lesquelles ils ont été découverts d'abord. Actuellement ils font partie de la collection archéologique du Musée mentionné ci-dessus. On ignore aussi la provenance exacte des monuments nos 7 et 8 (act. au Musée archéologique à Skopje), qui ont été remployés dans la canalisation devant une maison à Skopje. Les monuments en question appartiennent à l'époque romaine impériale.


*Vjekoslav MAJER:*

## COR

Id admodum paullum
ut avis
quae in vitam cecidit
ex fabella.

Triste contremuit,
ideo clamavit;

— Immo in vitam cecidi
ut ex fabella!

*Zagreb.* *Versio: T. Smerdel.*

---

*) Фотографиите се сопственост на Арх. музеј во Скопје (фотограф: Д. Черњаковски).